ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Аднан Јашари, министер за правда и

Билјана Бришкоска Бошковски, заменик на министерот за правда

ПОВЕРЕНИК: Илија Ристовски, државен секретар во Министерството за правда

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н

за изменување и дополнување на Законот за Народен правобранител

Скопје, декември 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-9530/1
29.12.2014 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**<u>СКОПЈЕ</u>**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за Народен правобранител, што го утврди на седницата, одржана на 29.12.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Аднан Јашари, министер за правда и Билјана Бришкоска Бошковски, заменик на министерот за правда, а за повереник Илија Ристовски, државен секретар во Министерството за правда.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил: м-р Биљана Цоневска
Проверил: Љубица Р.Димовска
Контролирал:Дејан Јакимовски
Согласен:Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со донесувањето на предложените измени и дополнувања на законот за Народниот правобранител, се уредува материјата на:

- воведување на промоција на човековите права во мандатот на Народниот правобранител;
- овозможување на поголем плурализам и зајакнување на независноста на институцијата Народен правобранител;
- разграничување на престанокот на функцијата по сила на закон, со разрешувањето, особено во делот нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата за именуваните и/или избраните лица;
- усогласување со одредбите на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување;
- како и доуредување на областа “Средства за работа на Народниот правобранител” согласно обврските од ратификувањето на меѓународни документи;

Со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за Народен Правобранител ќе се изврши усогласување со Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување од 2008 година ( Сл.весник на РМ бр. 165/2008) со која Народниот правобранител е назначен да дејствува како Национален превентивен механизам, а во соработка и врз претходна согласност на Народниот правобранител, невладините организации регистрирани во Република Македонија и организациите кои имаат статус на хуманитарни организации во Република Македонија, можат да преземаат некои од надлежностите на националниот превентивен механизам.

Со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за Народен Правобранител ќе се исполнат поставените критериуми за добивање статус А за Национална институција за човекови права. Потребата од целосен мандат кој ќе вклучува промоција и заштита на човековите права е воедно нотирана и во Извештајот за напредокот на Република Македонија од 2013 година.

## II. ЦЕЛИТЕ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА

Целите кои треба да се постигнат со предлогот е:

- исполнување на Париските принципи за Национална институција на човекови права;
- воведување на промоцијата на човековите права како дел од мандатот на институцијата Народен правобранител, плурализам и независност во функционирањето ;
- усогласување на законот со Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување во делот на утврдувањето на превенцијата како овластување,и исполнување на обврските кои произлегуваат од Факултативниот протокол со кој се бара функционална и оперативна независност на Националниот превентивен механизам.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Народен правобранител ќе предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија, заради зголемувањето на мандатот на Народниот Правобранител со вклучувањето на промоцијата на човековите права.

Овој предлог закон исто така предизвикува фискални импликации поради исполнување на обврските кои произлегуваат од Факултативниот протокол со кој се бара функционална и оперативна независност на Националниот превентивен механизам, односно ќе се утврди дека средствата за работа на Националниот превентивен механизам треба да бидат определени во буџетот на Народниот правобранител како посебна буџетска подпрограма.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за негово спроведување во делот на промотивните активности кои треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Член 1

Во Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/03 и бр.114/09) членот 1 се менува и гласи: "Со овој закон се уредуваат надлежноста, начинот на работа, како и условите за избор и разрешување на Народниот правобранител."

Член 2

Во член 2, став (1) после зборовите "кој ги" се додаваат зборовите "промовира и".

По став (1) се додава нов став (2) кој гласи: "Со цел промовирање на човековите права и слободи Народниот правобранител ја следи состојбата на почитување на човековите права и укажува на потребата од нивна заштита, спроведува соодветни истражувања, организира едукативни активности, навремено и редовно ја информира јавноста, соработува со граѓанскиот сектор, меѓународните организации и академската јавност, како и дава иницијативи за усогласување на правната регулатива со меѓународните и регионалните стандарди за човековите права."

По став 2 се додава нов став (3) кој гласи: Промоцијата на човековите права може да се спроведува преку јавниот радиодифузен сервис кој е должен при производството и обезбедувањето на радио и телевизиски програми да придонесува за почитување и промоција на основните човекови права и слободи, како и преку едукативно-промотивни настани со цел јакнење на свеста кај граѓаните и вработените во органите на државната управа."

По став (3) се додава нов став (4) кој гласи: "Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата каде лицата се или може да бидат лишени од слобода."

Член 3

Во член 5 после став (4) се додава нов став (5) кој гласи: "Најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на Народниот правобранител, Собранието на Република Македонија распишува оглас. По спроведениот оглас надлежната комисија утврдува предлог и го доставува до Собранието на Република Македонија. Најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на замениците, Народниот правобранител распишува оглас. По спроведениот оглас, Народниот правобранител утврдува предлози, при што соодветно треба да бидат застапени двата пола и ги доставува до Собранието на Република Македонија".

Ставот (5) се менува со став (6).

Член 4

Во член 6 став (1) зборовите “во орган на државната управа” се бришат.

Член 6 став (2) се менува и гласи “За заменик на Народниот правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос со завршени правни науки и има работно искуство над седум години ,чија активност е докажана во областа на заштитата на човековите права и ужива углед за вршење на функцијата заменик Народен правобранител.”

Член 5

Член 9 се менува и гласи:

“Собранието на Република Македонија констатира престанок на функцијата Народен правобранител ако:

1) тоа сам го бара;
2) е избран или именуван на друга јавна функција;
3) исполнува услови за старосна пензија;

Собранието на Република Македонија го разрешува Народниот правобранител пред истекот на мандатот доколку:

1) трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата;
2) биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;

Член 6

Во член 11 по зборот “заради” се додава зборот “промоција и”.

Член 7

Членот 11-а се менува и гласи “Народниот правобранител презема активности со цел промовирање на човековите права кои може да се спроведат преку соодветни истражувања од доменот на човековите права, кампањи и различни форми за јакнење на свеста и едукацијата кај пошироката јавност, како и заеднички промотивни активности во соработка со граѓанскиот сектор, меѓународните организации и академската јавност.”

Член 8

По член 11-а се додава нов член 11-б кој гласи "Народниот правобранител врши превенција на тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување во местата каде лицата се или можат да бидат лишени од слобода, обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби, како и обезбедува посебна заштита од дискриминација и заштита од повредата на принципот за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на централната и локалната власт".

Член 9

Членот 31 став (1) се менува и гласи: "Народниот правобранител посебно внимание посветува на заштитата на уставните и законските права на лицата лишени од слобода."

Став (2) се брише, а став (3) станува став (2) кој се менува и гласи:

"Со цел заштита на лицата лишени од слобода Народниот правобранител може во секое време без најава и одобрение да изврши увид и да разговара со лицата сместени во овие места без присуство на службени лица вработени во установата."

Став (4) станува став (3).

Член 10

Членот 31-а се менува и гласи: "Народниот правобранител - Национален превентивен механизам во вршењето на превенцијата од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување има надлежност редовно да го испитува постапувањето кон лицата лишени од слобода, да дава препораки на релевантните органи со цел подобрување на постапувањето и условите во местата на лишување од слобода, како и да поднесува предлози во врска со постоечкото или со нацрт законодавството.

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, за реализација на активностите од ставот 1 на овој член врши редовни и последователни посети во местата каде лицата се или можат да бидат лишени од слобода. Лишување од слобода значи било која форма на притвор или затворање, или задржување на лица во јавни или приватни капацитети во кои на лицето не му е дозволено своеволно да ги напушти, а по наредба на судски, административен или друг орган.

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам има непречен пристап до сите места на лишување од слобода и нивните објекти, пристап до сите информации што се однесуваат на бројот на лица лишени од слобода, како и до бројот на места и нивни локации, пристап до сите информации кои се однесуваат на постапувањето со лицата како и на условите на нивното лишување од слобода, како и

можност за разговор без надзор со лицата лишени од слобода, лично или со преведувач, ако тоа се смета за неопходно.

За спроведените посети Народниот правобранител - Национален превентивен механизам изготвува Годишен извештај кој јавно го објавува.

За начинот на остварувањето на посетите од ставот 2 на овој член Народниот правобранител донесува општ акт.

Член 11

Членот 31-б се менува и гласи "Раководните службеници и овластените службени лица во органите, организациите и установите во кои лицата се лишуваат од слобода, се должни на Народниот правобранител – Национален превентивен механизам да му овозможат непречен пристап до документите и информациите од член 31-а став 3 од овој закон кои се однесуваат на лицата лишени од слобода, како и непречен пристап до местата на лишување од слобода и нивните објекти од член 31-а став 3 од овој закон.

Раководните службени лица и овластените службени лица во органите, организациите и установите во кои лицата се лишуваат од слобода, се должни да ги испитаат укажувањата и препораките на Народниот правобранител – Национален превентивен механизам и да го известат најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на посебниот извештај за можни мерки на примена.

Член 12

Во член 36 се додава нов став (3) кој гласи: "Собранието на Република Македонија по разгледувањето на извештајот од став (1) на овој член констатира дека Народниот правобранител за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права го информирал и истиот го доставува до Владата на надлежност".

Став (3) станува став (4).

Член 13

Во членот 45 став (2) се менува и гласи: Народниот правобранител - Национален превентивен механизам формира тим за превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

По став (2) се додава нов став (3) кој гласи: "Народниот правобранител формира посебно одделение за следење на состојбите и заштита на правата на децата како и на лицата со посебни потреби."

Став (3) станува став (4).

Член 14

Членот 48 се менува и гласи:

"Средствата за работа на Народниот правобранител, како и Народниот правобранител – Национален превентивен механизам се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Народниот правобранител предлог пресметката за буџетот ја доставува до Министерство за финансии со кое го усогласува разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за него, а доколку не се постигне согласност Народниот правобранител изготвува извештај и го доставува до Владата.

На седница на Владата на која се расправа за утврдување на предлог пресметката за буџетот на Народниот правобранител, задолжително присуствува Народниот правобранител.

Средствата за работа на Националниот превентивен механизам треба да бидат утврдени во буџетот на Народниот правобранител како посебна буџетска подпрограма.

На седницата на Собранието на Република Македонија на која се расправа за Буџетот на Република Македонија задолжително присуствува Народниот правобранител, кој ја образложува предлог пресметката на Буџетот наменет за Народниот правобранител. Собранието на Република Македонија посебно гласа за разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Со користењето, распределбата и намената на средствата за работа обезбедени во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народен правобранител, Народниот правобранител располага самостојно."

Член 15

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Народниот правобранител.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Со предлог законот за изменување и дополнување на законот за Народен правобранител се врши усогласување на законот со Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување кој е ратификуван од страна на РМ на 30.12.2008 година. Со законот за ратификација на Факултативниот протокол, Република Македонија даде изјава дека Народниот правобранител е назначен да дејствува како Национален превентивен механизам, а во соработка и со претходна согласност на Народниот правобранител и невладини организации и организации кои имаат статус на хуманитарни организации во Република Македонија можат да преземат некои од надлежностите на НПМ.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Народен правобранител кој се донесе во 2009 година , во членот 45 се додаде нов став 2 кој гласи “ Народниот правобранител формира посебни одделенија за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби, одделение за заштита на граѓаните од дискриминација и тортура и друг вид на свирепо, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, како и одделение за правична и соодветна застапеност на граѓаните”. Со вака поставената законска одредба се создаде неусогласеност со Факултативниот протокол кој предвидува воспставување на механизам за превенција на тортурата на домашно ниво. Во таа насока со предложените измени на овој Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител се врши усогласување со меѓународно ратификуваниот документ за формирање на посебно одделение за превенција од тортура.

Народниот правобранител во октомври 2011 година по поднесено барање за акредитација до Меѓународниот координативен комитет за Национална институција за човекови права доби статус Б. Со оваа акредитација институцијата се здоби со право да делува како национална институција за човекови права и да учествува на состаноците на другите институции, без право на глас. Согласно статусот се утврди дека институцијата делумно ги исполнува критериумите за Национална институција со статус А. Во својата евалуација, Поткомитетот за акредитација утврди дека институцијата НП на Република Македонија има широк мандат за заштита, но не и мандат за промоција на човековите права. Иако го пофали НП за своите активности во промоцијата на човековите права, Поткомитетот побара да се овозможи поширок мандат кој ќе ја вклучи и промоцијата во себе.

Со измените и дополнувањата кои се предлагаат во законот ќе се прошири мандатот на Народниот правобранител со вклучување на промоцијата на човекови права во правната рамка, односно во законот за Народен правобранител. На таков начин ќе се утврди дека Народниот правобранител ги промовира и ги штити уставните и законските права на граѓаните и на тој начин ќе се исполнат предусловите предвидени со Париските принципи.

Покрај потребата од вклучување на промоцијата во правната рамка со која се утврдува мандатот на Народниот правобранител, од страна на Поткомитетот беше побарано и воведување на плуралистички пристап во изборот на раководните функции во институцијата, особено во делот на изборот на заменици на Народниот правобранител. Во таа насока е дадена препорака за активно лобирање на институцијата за овозможување на јавен избор, зголемување на бројот на потенцијални кандидати со вклучување на поширок круг на социјални групи, сеопфатна консултација и овозможување на плурализам во составот на вработените. Воедно во доставените препораки се посочува за потребата од промовирање на независноста и јавната доверба на институцијата. Од страна на Поткомитетот е дадена забелешка дека позицијата Народен правобранител не е јавно објавена, па во таа насока со прифаќањето на препораките, во предлогот се утврдува распишување јавен оглас за Народниот правобранител и неговите заменици.

Со предложениот закон, независноста на институција која е потенцирана во евалуацијата на Поткомитетот за акредитација ќе се оствари преку изменувањето на одредбите за критериумите за разрешување и зацврстување на самата позиција на раководните функции во институцијата кој ги избира Собранието на РМ каде ќе се разграничи престанокот на функцијата по сила на закон и разрешувањето.

Со цел исполнување на Парисните принципи меѓу другото потребно е да се обезбедат средства за реализација на мандатот на Националниот превентивен механизам, како и да се зајакне соработката со Меѓународниот систем за човекови права.

Поткомитетот за акредитација укажа на исполнување на обврските кои произлегуваат од член 18 на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура ,со кој се бара функционална и оперативна независност на Националниот превентивен механизам, како и обезбедување на потребните ресурси за функционирање на НПМ. Во таа насока со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Народен правобранител , во делот на средствата за работа ќе се издвојат средствата за функционирање на Националниот превентивен механизам преку утврдување на посебна буџетска програма. Со предложените измени се пропишува и соработката со Меѓународниот систем за човекови права преку активно поттикнување, оддржување, комуникација и известување за состојбите во полето на човековите права.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата на овој закон се усогласени со Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

## III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Иницијативата за изработка на нацрт текст на закон е согласно Принципите поврзани со статусот и функционирањето на националните институции за заштита и промоција на човековите права, т.н. Париски принципи кои се одобрени од Генералното собрание на ОН со резолуција А/РЕС/48/134 од 20 декември 1993 година.

Воедно со предложените решенија ќе се уреди мандатот на Националниот превентивен механизам и ќе се спроведе усогласување со Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Со предложените решенија ќе се одговори и на забелешката во Извештајот за напредокот на РМ за 2013 година во кој стои дека Народниот правобранител делумно ги исполнува Париските принципи во насока на Национална Институција за човековите права, и потребно е подобрување во делот на финансирањето и проширувањето на мандатот за промоција на човековите права.  Истовремено една од препораките при Универзалниот периодичен преглед на Обединетите Нации за Република Македонија е да се превземат сите неопходни мерки со кои Канцеларијата на Народниот правобранител ќе биде усогласена со Париските принципи и ќе биде целосно независна во поглед на финансирањето.

ОДРЕДБИ ШТО СЕ МЕНУВААТ ОД

ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за избор и разрешување, надлежноста и начинот на работата на Народниот правобранител.

Член 2

Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.

Член 5

Собранието на Република Македонија, по предлог на надлежната комисија на Собранието, го избира и разрешува Народниот правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден избор.

Народниот правобранител има повеќе заменици. Бројот на замениците на Народниот правобранител го определува Собранието на Република Македонија на предлог на народниот правобранител.

Замениците на народниот правобранител, по предлог на народниот правобранител ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, Замениците на народниот правобранител се избираат за време од осум години, со право на повторен избор.

Постапката за избор на народниот правобранител и неговите заменици започнува три месеци пред истекот на нивниот мандат.

Во случај на отсуство или спреченост народниот правобранител го заменува заменикот според утврден распоред од народниот правобранител.

Член 6

За народен правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната

управа, дипломиран правник кој има работно искуство над девет години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и ужива углед за вршење на функцијата народен правобранител.

За заменик на народниот правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, дипломиран правник кој има работно искуство над седум години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и ужива углед за вршење на функцијата заменик на народниот правобранител.

При избор на заменици на народниот правобранител без да се нарушат условите пропишани со закон се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Член 9

Народниот правобранител се разрешува:

1. ако сам го побара тоа;

2. ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;

3. ако трајно ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата народен правобранител што се утврдува врз основа на наод и мислење на надлежна здравствена институција;

4. ако ги исполнува условите за старосна пензија и

5. заради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата народен правобранител.

Член 11

Народниот правобранител во вршењето на работите од својата надлежност презема дејствија и мерки за кои е овластен со овој закон заради заштита на уставните и законските права на граѓаните или заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кога се повредени од органите од членот 2 на овој закон.

Член 11-а

Народниот правобранител обезбедува посебна заштита на правата на децата, лицата со посебни потреби и на лицата кои се предмет на тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување во органите, организациите и установите во кои слободата на движењето е ограничена.

Член 31

Народниот правобранител ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена.

Народниот правобранител особено ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на приведените, притворените и лицата кои издржуваат казна затвор или воспитно- поправна мерка во казнено- поправните и воспитно- поправните установи.

Посетите и увидите од ставовите 1 и 2 на овој член, народниот правобранител може да ги изврши во секое време без претходна најава и одобрение, како и да разговара со лицата сместени во овие органи, организации или установи без присуство на службени лица.

Лицата лишени од слобода имаат право претставката да ја доставаат до Народниот правобранител во затворен плик без проверка од службените лица на органот, организацијата или установата во која се сместени и да добијат одговор во затворен плик без проверка од службените лица.

Член 31-а

Народниот правобранител во следењето на состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, презема активности согласно со закон и меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Народниот правобранител за реализација на активностите од ставот 1 на овој член врши редовни и ненајавени посети во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена за што подготвува посебен извештај.

За начинот на остварувањето на посетите од ставот 2 на овој член Народниот правобранител донесува правилник.

Член 31-б

Службените лица во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, се должни на Народниот правобранител да му овозможат непречен пристап до сите документи и информации кои се однесуваат на лицата на кои слободата на движење им е ограничена.

Службените лица во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, се должни да постапат по укажувањата и препораките на Народниот правобранител и за постапувањето да го известат најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на посебниот извештај.

Член 36

За степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на уставните и законските права на граѓаните и за почитувањето на начелата на недискриминација и

соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците од страна на органите од членот 2 на овој закон, Народниот правобранител го информира Собранието на Република Македонија со годишен извештај.

Извештајот од ставот 1 на овој член Собранието на Република Македонија го разгледува на седница на Собранието на која задолжително присуствуваат членови на Владата на Република Македонија, односно нејзини претставници.

Извештајот на Народниот правобранител задолжително се објавува во средствата за јавно информирање.

Член 45

Заради поефикасна и поуспешна заштита на уставните и законските права на граѓаните во одделни области или за одделни ранливи групи лица, Народниот правобранител може да формира и организира одделенија.

Народниот правобранител формира посебни одделенија за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, одделение за заштита на граѓаните од дискриминација и тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, како и одделение за правична и соодветна застапеност на граѓаните.

Народниот правобранител со општ акт поблиску го регулира начинот на работа и бројот на вработените во одделенијата кои ќе ги вршат работите во областа од надлежност на Народниот правобранител.

Член 48

Средствата за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Предлогот за средствата за работа на Народниот правобранител пред доставувањето на предлогот на Буџетот на Република Македонија, Народниот правобранител го усогласува со Владата на Република Македонија преку Министерството за финансии.

При гласањето на Буџетот на Република Македонија на седницата на Собранието на Република Македонија задолжително присуствува народниот правобранител кој го образложува предлогот на пресметката на разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Со користењето, распределбата и намената на средствата за работа обезбедени во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител, Народниот правобранител располага самостојно.

Собранието на Република Македонија посебно гласа за разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. **Назив на предлогот:**<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител | 2. **Министерство / орган на државна управа :**<br>Министерство за правда | |
| 3. **Цел на предлогот:**<br>Изменување и доплнување на закон | 4. **Вид на предлог:**<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за Народнен правобранител | |
| 5. **Контакт лице и звање:** | 6. **Контакт тел./факс или е-пошта:**<br>Cabinet@mjustice.mk | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Активност: Изменување и дополнување на закон | | | |
| 8. **Вид на барање:** | (/ ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( / ) Друга нова регулатива | (/ ) Нова програма<br><br>( / ) **Зголемување / намалување на постоечка програма** | ( / ) Прераспределба (на средства) **помеѓу две програми**<br>(/ ) Спојување на две или повеќе програми |
| 9. **Цел на барањето / предложената активност:**<br>Донесување на закон | | | |
| 10. **Врска со владината програма:** | | | |

| 11. **Фискални импликации:** | (илјади денари)<br>Тековна год. 2014 | 2015 год. | 2016 год. | 2017 год. |
|---|---|---|---|---|
| **А. Вкупни трошоци за предлогот**<br>Плати<br>**Стоки и услуги**<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 2739 | 5478 | 5478 | 5478 |
| В. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **С. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)**<br>Плати<br>**Стоки и услуги**<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 2739 | 5478 | 5478 | 5478 |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 2739 | 5478 | 5478 | 5478 |
| F. Зголемување / намалување на приходите | / | / | / | / |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: ______________ | / | / | / | / |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистиски или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | / | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | / | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | / | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | / | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | / | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | / | | | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | / | | | |
| 22. Одобрено/Дата:<br>________________<br>државен секретар | ______ 2014<br>Ден / месец / год. | Потпис на министерот | 04. 11. 2014<br>______ 2014<br>Ден / месец / год. | |